**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за јавно приватно партнерство |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Исмаил Ебипи, Државен советник<br>Снежана Петковска, Раководител на сектор за правни работи<br>т. 3093 510<br>3093 462<br>e-mail ismail.ebipi@economy.gov.mk<br>snezana.petkovska@economy.gov.mk |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | август, 2009 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Да |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

   **Главниот проблем е потребата од целосно усогласување на нашето законодавство во оваа област, согласно укажувањата на експертите од ЕУ.**

   **Поточно кон изготвување на нов текст на законот се пристапи од причини да се изврши доусогласување на истиот со европското законодавство, со што во целосно беа прифатени укажувањата и предлозите на консултантите на СИГМА и се изготви правна рамка која ќе ја регулира оваа област на идентичен начин со европската регулатива, односно на начин како истото е уредено во европските земји.**

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

**Можни решенија се:**

**1.Да се изготви нов текст на законот, кој приоритетно би ја регулирал материјата на јавно приватно партнерство, притоа вклучувајќи ги и концесиите, и кој целосно би бил усогласен со забелешките и коментарите на консултантите од СИГМА.**

**2.Да се изготви измена и дополнување на постоечкиот Закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, во кој би биле вградени посочените забелешки и коментари на консултантите на СИГМА.**

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   **Засегнати страни во процесот на процена на влијанието на регулативата се јавниот и приватниот партнер, односно Република Македонија и општините од една страна како јавен партнер и приватниот сектор како приватен партнер.**

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   **Достапни се коментарите на СИГМА во кои се дадени забелешките на постоечкиот Закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, кои претставуваат основа за изработка на текстот на предлог законот.**

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   **Контакти со експертите на СИГМА и нивните забелешки и коментари на нацрт-текстот на Предлог законот, по што ќе следи усогласување на текстот и доставување во владина процедура.**

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   **Иницијално е потребно да се направи анализа на постоечкиот Закон за концесии и други видови на јавно приватно патнерство и да се утврдат неговите слабости во имплементацијата, односно недостатоците при реализација на проектите, а притоа да се земат во предвид и позитивните ефекти кој истиот ги обезбедува. Имајќи ги во предвид добиените резултати од оваа проценка ќе се изработи закон во кој би била транспонирана директивата на ЕУ на начин предложен од страна на експертите на СИГМА, по чија иницијатива и сугестија се изработува истиот.**

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

**Се формира меѓуресорска работна група составена од претставници на: Министерство за економија,Генерален секретаријат, Кабинет на заменик на претседателот на Владата на РМ за економски прашања Зоран Ставревски, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски, Биро за јавни набавки, Секретаријат за европски прашања, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за правда и Секретаријат за законодавство.**

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?
   **Активностите за проценка на влијанието на регулативата се започнати од март 2009 година, кога се формира и работна група задолжена за изготвување на Предлог законот.**

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?
   **Учествуваа експертите на СИГМА.**

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   **Август 2009 година.**

<u>Г. Ресурси</u>

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?